ОХРИД SOS

**Предмет:** **Барања/предлози за вршење на ревизија**

**До:** **Државен завод за ревизија**

**Изработувач:** **Граѓанска иницијатива Охрид SOS**

**Датум:** 09 ноември, 2021 г.

**Контакт:** ohridsos@gmail.com
078 272 664

1. Ревизија на спроведување на законите во врска со заштитата на Охридскиот Регион (Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, Закон за урбанистичко планирање, Закон за градење, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за води, Закон за заштита на природата, Закон за животна средина).

2. Ревизија на работењето по Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029) од неговото усвојување во јануари 2020 г.

3. Ревизија на работењето на Управата за заштита на културното наследство, Национална установа завод за заштита на спомениците и музеј - Охрид, Општина Охрид и Општина Струга во однос на исполнување на Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), поконкретно во врска со постапувањето согласно

   1. Одлуките на влада:
   - 26. Седница на влада од 07.12.2020, точка 44
   - 57. Седница на влада од 23.03.2021
   2. Одлука на Совет на Општина Охрид Сл. гласник бр. 4 од 18.03.2020 г.
   3. За Општина Струга немаме информација дали е усвоена конкретна одлука која се однесува на Планот за управување

4. Ревизија на спроведувањето на препорака број 6 од Реактиванта мониторинг мисија на Центарот за светско наследство, ИУЦН и ИКОМОС од 2017 г. која се однесува на мораториум на урбаната трансформација.

5. Ревизија на постапување по утврдени насоки во студиите за утврдување на влијанието врз животната средина и елаборати за животна средина.

Конкретно, потребно е да се утврди дали и како се постапува во однос на: (1) мониторинг, (2) мерки за ублажување на негативните влијанија од проектите и (3) компензација за надоместување на штетните влијанија од проектите. Дополнително, (4) да се утврди и тоа дали реализираните проекти соодветствуваат со планираните проекти чиешто потенцијално влијание врз животната средина било евалуирано во студиите и елаборатите.

6. Ревизија на работата на инспекторатите (Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам) по пријави в.в. со загрозување на заштитата на УНЕСКО Регионот.